03-566/2
27.07 8

**Република Македонија**
**Јавна Установа Национален Парк**
**МАВРОВО**
**Маврови Анови**

**27.07.2018**

**До: Министерство за животна средина и просторно планирање**
**Бул. "Гоце Делчев" бр.18**
**1000 Скопје**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
СКОПЈЕ
Примено: 04.09.2018
Орг. Ед.: 11 Број: 3977/2

**ПРЕДМЕТ**: Одговор на ваше барање
Врска: ваш бр.11-3977/1 од 28.06/18
наш бр.03-566/1 од 02.07/18

Почитувани,

Јавната Установа Национален Парк Маврово, Маврови Анови ги подржува проектите на Владата на Република Македонија за изградба на мали хидроелектрични централи (МХЦ) за што има издадено подршка и позитивно мислење за предходно објавени локации во рамките на Националниот Парк.

Во однос на предложената листа на локации за изградба на МХЦ во општина Маврово и Ростуше, а кои се во рамките на Националниот Парк Маврово, го даваме следното мислење:

- за реката Рибница и реката Видушница (Лопушник), се додека не се донесе новото зонирање на паркот, Националниот Парк Маврово е на мислење да не се започнува со активности за спроведување постапка за доделување на концесија за користење на вода за изградба на МХЦ,
- за Жировничка река, Националниот Парк Маврово дава позитивно мислење за започнување со активности за спроведување постапка за доделување на концесија за користење на вода за изградба на МХЦ.
- Националниот Парк Маврово се одлучи да даде позитивно мислење поради тоа што котите на зафат, машинската просторија и должината на целиот цевковод, и по постојното зонирање и по ново предложеното зонирање, со тоа што се

Тел:042/489 019; Факс: 042/489 505 п.ф.1256 Маврови Анови- Р. Македонија
e-mail:npmavrovo@npmavrovo.org.mk www.npmavrovo.org.mk

наоѓаат во зона во која што може да се гради ваков вид на објекти без да се наруши заштитеното подрачје.

- Бидејќи котата на зафат се наоѓа испод населеното место Жировница, рурална средина која поради нерешениот проблем со депонија, е најголемиот загадувач на реката Радика, изградбата на оваа МХЦ ќе придонесе за прочистување на водите кои се влеваат во реката Радика од смет и друг тврд отпад.

Со овој допис сакаме уште еднаш да апелираме при изградбата на МХЦ да се внимава на ерозивноста на теренот а посебно обезбедувањето на биолошкиот минимум на водите со што би се спречило настанувањето на суви водотеци а со тоа и уништување на водниот, растителниот и животинскиот свет.

Со почит,

J.У.Национален Парк-Маврово
Директор:
Самир Ајдини